РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“

______________________________
м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, ____________ 2011 година

Изработил: Драгана Гошевска
Контролирал: Андрија Алексоски/Кристина Павловска
Согласен:Сузана Пенева
Одобрил: Наташа Стојмановска

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“

Скопје, __________ 2011 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. _________
____________ Скопје

До Претседателот на Собранието на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ што го утврди на седница ________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереници се определени Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерство за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“, како дел од хидросистемот „Стрежево“, е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 08.05.2002 година и истиот е објавен во „Службен Весник“ на Република Македонија бр.32 од 17.05.2002 година.

Договорот за заем за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ на износ од 7.325.387 евра е склучен на 02.08.2002 година помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Instituto de Credito Oficial од Шпанија (ИКО).

Со овој Договор Кралството Шпанија и додели на Република Македонија заем од 7.325.387,69 евра под следните услови:

- рок на отплата: 14 години со грејс период од 4 години;
- каматна стапка 1,5%на годишно ниво; и
- еднократна провизија од 0,15%од вкупниот износ за раководење на кредитот.

Со проектот беше предвидено да се набави опрема целосно од Шпанија, бидејќи се работеше за т.н врзан заем, односно набавката да биде од земјата која го дава заемот (tied loan).

На 02.04.2003 година ЈП “Стрежево” ги извести останатите учесници во проектот дека веќе не се согласуваат со техничко - технолошките решенија предвидени со проектот и дека не прифаќаат истиот да го реализираат на предвидениот начин. Истовремено, ЈП „Стрежево“ посочи дека нема забелешки на условите под кои е доделен кредитот.

Како резултат на забелешките од ЈП „Стрежево“, Министерството за индустрија, туризам и трговија на Кралството Шпанија не донесе одобрение за прифаќање на проектот. Затоа овој кредит не е ефективен и не се повлечени средства од истиот.

Од 2003 година до 2011 година ЈП „Стрежево“ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија во повеќе наврати се среќаваа со претставници од Министерството за економија на Кралството Шпанија, ИКО и други шпански институции, со цел преструктуирање на проектот со што би се овозможила негова реализација. Овие обиди не вродија со плод и на 11.03.2011 година ИКО писмено го извести Министерството за финансии на Република Македонија дека по барање на Министерството за индустрија, туризам и трговија на Кралството Шпанија, пристапуваат кон раскинување на Договорот за заем за финансирање на проектот ХЕЦ „Лера“.

По добивање на известувањето од ИКО, Министерството за финансии ја извести Владата на Република Македонија со предлог да се пристапи кон спогодбено раскинување на Договорот за заем за проектот „Лера“, укажувајќи дека од истото нема да произлезат финансиски обврски за Република Македонија. Владата на Република Македонија на 237-та седница одржана на 07.06.2011 година ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги превземе сите неопходни активности на за спогодбено раскинување на Договорот за заем. Согласно Заклучокот од наведената

седница, Министерството за финансии на 11.07.2011 година достави известување до ИКО дека и Република Македонија се согласува за спогодбено раскинување на Договорот за заем за овој проект.

**Имајќи го во предвид горенаведеното, потребно е Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ да престане да важи во правниот систем на Република Македонија.**

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Договорот за заем за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ спогодбено е раскинат помеѓу Република Македонија и Кралството Шпанија.

За таа цел, потребно е Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија по Договорот за кредит, за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ да престане да важи во правниот систем на Република Македонија.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Донесувањето на овој закон нема да предизвика дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Предложениот Закон не создава потреба од дополнителни финансиски средства.

Предлог на Закон
за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ („Службен Весник на Република Македонија“ бр.32/2002).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“, е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 08.05.2002 година и истиот е објавен во „Службен Весник“ на Република Македонија бр.32 од 17.05.2002 година.

Договорот за заем за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ на износ од 7.325.387 евра е склучен на 02.08.2002 година помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Instituto de Credito Oficial од Шпанија (ИКО).

Како резултат на забелешките од ЈП „Стрежево“, Министерството за индустрија, туризам и трговија на Кралството Шпанија не донесе одобрение за прифаќање на проектот. Затоа овој кредит не е ефективен и не се повлечени средства од истиот.

На 11.03.2011 година ИКО писмено го извести Министерството за финансии на Република Македонија дека по барање на Министерството за индустрија, туризам и трговија на Кралството Шпанија, пристапуваат кон раскинување на Договорот за заем за финансирање на проектот ХЕЦ „Лера“.

По добивање на известувањето од ИКО, Министерството за финансии ја извести Владата на Република Македонија и предложи да се пристапи кон спогодбено раскинување на Договорот за заем за проектот „Лера“, укажувајќи дека од истото нема да произлезат финансиски обврски за Република Македонија. Владата на Република Македонија на 237-та седница одржана на 07.06.2011 година ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги превземе сите неопходни активности за спогодбено раскинување на Договорот за заем. Согласно Заклучокот од наведената седница, Министерството за финансии на 11.07.2011 година достави известување до ИКО дека и Република Македонија се согласува за спогодбено раскинување на Договорот за заем.

Имајќи го во предвид горенаведеното, потребно е Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ да престане да важи во правниот систем на Република Македонија.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби се направени поради спогодбеното раскинување на Договорот за заем.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Од предложените решенија нема да произлезат никакви последици.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ | 2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии |
| 3. Цел на предлогот:<br><br>Престанување на важењето на Законот за задолжување за наведениот проект во правниот систем на Република Македонија. | 4. Вид на предлог:<br><br>Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ |
| 5. Контакт лице и звање:<br><br>Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел: 3106-454<br><br>suzana.stoimceva @finance.gov.mk |

7. Активност

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( **X** ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средствата) меѓу две програми |
| | ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување/намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложената активност: Овој Предлог на Закон произлегува од спогодбеното раскинување на Договорот за заем за реализација на проектот „ХЕЦ Лера“, помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Instituto de Credito Oficial (ICO) – Шпанија.

10. Врска со владината програма:

| 11. Фискални импликации | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11А и 11Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финансии: | | | | |
| 19. Одговор на Министерството - предлага: | | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 22.Одобрен/ дата:<br>______________________ /2011<br>Потпис на државен секретар или директор на орган<br>Ден / месец / год. | ______________ /2011<br>Потпис на Министерот<br>Ден/ месец / год. | | | |

Изработил: Драгана Гошевска
Контролирал: Андрија Алексоски/Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева